

# КАРПОШ
## неделен Е - БИЛТЕН



**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**
**ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ 22 сеп- 2 окт 2025 Билтен бр. 607**

# ЕДНОДЕЦЕНИСКА РАБОТА НА КРЕАТИВНИОТ ЦЕНТАР КАРПОШ

**Во холот на основното училиште „Владо Тасевски“, вечерва на свечен начин беше одбележан 10 годишниот јубилеј од основањето на граѓанското здружение Креативен центар Карпош (КЦК). Покрај младите креативци, на манифестацијата присуствуваа и градоначалникот Стевчо Јакимовски, советничката од Општина Карпош, Прим. д-р Добрила Андоновска, како и претставници на основните училишта, компании и образовни институции.**

**Креативниот центар е формиран во 2015 година со финансиска и логистичка поддршка од Општина Карпош, а своите активности ги реализира во рамки на сите основни училишта на територија на локалната самоуправа. Имено, во состав на КЦК функционираат десет организациски единици (центри) кои се распоредени низ основните училишта во Карпош. Поточно, во секое училиште постои по еден центар во зависност од дејноста за која тој е специјализиран. Станува збор за центарот за аудиовизуелни уметности, за ботаника и микологија, дизајн и роботика, за екологија, за енергетика и климатски промени, потоа, центарот за храна, за космологија, за културно наследство, како и центрите за ракотворби и за зоологија.**

**Во рамки на свеченоста, идејниот творец на КЦК, проф. д-р Зоран Т. Поповски му врачи благодарница и статуетка на градоначалникот Стевчо Јакимовски, за несебичниот личен придонес во работата на Креативниот центар Карпош. Иста таква благодарница и статуетка доби и Општина Карпош, во чие име ја подигна членот на Советот, Прим. д-р Добрила Андоновска.**



# МЕЃУНАРОДНА РАЗМЕНА НА ОБРАЗОВНИ ИСКУСТВА

**Во насока на развивање на меѓусебната соработка помеѓу збратимените општини Карпош и Тиват, претставници од основните училишта „Петар Поп Арсов“ и „Димо Хаџи Димов“, деновиве остварија тридневна работна посета кај своите црногорски колеги и соученици од ОШ „Драго Миловиќ“. Во оваа пригода домаќините од Тиват подготвија топол пречек, при што основците ги запознаа карпошани со тамошниот воспитно-образовниот процес. Согласно Меморандумот за соработка кој го склучија овие три основни училишта, во рамки на посетата беа разменети драгоцени искуства, едукативни практики и меѓусебни пријателства. Оттука, наставниците имаа можност да следат часови во прво и петто одделение со примена на НТЦ систем на учење (преку развој на моторички и когнитивни способности), а стручните служби на училиштата споделија корисни практики од својата работа. Училишниот координатор од Тиват одржа работилница за спроведени ЕКО активности, додека пак тимот од Карпош го презентираа курикулумот и прирачникот создадени во рамки на европскиот проект ТУДЕК – Креирање на ЕКО градови преку апсајклинг (користење на стари отпадни предмети, за да се создаде нешто ново).**

**Во таа насока беа споделени конкретни креативни идеи и методи, од областа на екологијата и уметноста. Посебно впечатлива беше работилницата „Патот на храбрите“, која ја реализираа третоодделенците во соработка со училишниот психолог. Во текот на посетата, фокусот беше насочен кон запознавање со богатото културно наследство на Црна Гора. Пред сé оваа работна средба беше особено значајна заради размена на драгоцени едукативни искуства, како и продлабочување на пријателските врски меѓу**



# УСВОЕНИ ГОДИШНИТЕ ИЗВЕШТАИ ЗА РАБОТАТА НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО КАРПОШ

**Во просториите на новата општинска зграда, денеска заседаваше Советот на Општина Карпош на својата 74-та редовна седница, каде што беа разгледани 10 точки кои се најдоа на дневниот ред. Во таа насока советниците ги изгласаа Годишните извештаи за работата на десетте општински основни училишта, за периодот 2024/2025 година.**

**Инаку, основните училишта кои се основани од локалната самоуправа и функционираат на нејзина територија, секоја година во овој период доставуваат Годишни извештаи  за својата работа, за периодот од минатата учебна година.**



## ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ ВО КАРПОШ ЌЕ ЗАПОЧНАТ ВО ФЕР И ДЕМОКРАТСКА АТМОСФЕРА

**Во организација на Општинската изборна комисија, тројцата од петтемина кандидати за градоначалници на општина Карпош кои ќе учествуваат на претстојните локални избори, Стевчо Јакимовски, Маја Мојсова – Мијовска и Невена Георгиевска, денеска потпишаа Кодекс за фер и демократски избори. Со потпишување на овој Кодекс, потписниците се обврзаа и ветија дека ќе се придржуваат и активно ќе го промовираат кодексот како етички чин кој ќе го почитуваат при своите настапи во изборниот процес.**

**Кодексот за фер и демократски избори е потврда за демократскиот капацитет на сите учесници во изборите, за демократскиот развој на нашето општество но и можност сите заедно да се придржуваат кон демократските принципи. Преку потпишувањето на овој Кодекс, потписниците испраќаат порака до јавноста за фер и демократско однесување, почитување на сите закони, правила и прописи и почитување на владеењето на правото при организирање и спроведување на изборниот процес.**



# ОДРЖАНА 19-ТА МЕЃУНАРОДНА ДЕТСКА ЛИКОВНА КОЛОНИЈА „СВ. ПАНТЕЛЕЈМОН“

**Во галеријата на Детскиот ликовен центар кој се наоѓа во просториите на Кинотеката на Македонија, денеска заврши дводневната Меѓународна детска ликовна колонија „Св. Пантелејмон“, која се реализираше по 19-ти пат. Во рамки на оваа манифестација која традиционално се одржува со поддршка на Општина Карпош, учествуваа 24 основци и осум ментори од Карпош по ликовно образование, од кои двајца ученици и еден ментор од збратимената општина Тиват.**

**Во текот на вчерашниот ден, младите уметници ги создаваа своите ликовни творби во дворот на туристичкиот комплекс – Македонско село, од каде ја црпеа мотивацијата за своите дела. Инаку, творбите беа работени на слободна тема во акрилна, гваш и темперна техника на платно. По тој повод денеска во просториите на Кинотеката на Македонија беа доделени дипломи на учесниците на ликовната колонија. Во таа насока претседателот на Детскиот ликовен центар, д-р Стојче**



## ОДБЕЛЕЖАН СВЕТСКИОТ ДЕН НА УЧИТЕЛОТ

**Во организација на Одделението за образование на Општина Карпош, денеска во административната зграда на локалната самоуправа беше одбележан претстојниот Светски ден на наставникот 5-ти октомври. Во рамки на свечената манифестација присуствуваа наставниците и стручните соработници од десетте основни училишта на територија на Карпош, како и градоначалникот, Стевчо Јакимовски. Во оваа пригода, првиот човек на локалната самоуправа истакна дека наставникот не е личност којшто само ја предава лекцијата, туку пред сè тој е човекот кој го формира карактерот на младите луѓе.**

**Изминатиот период вложивме околу осум и пол милиони евра во училиштата, за плаќања на режиски трошоци и реконструкции на некои училишта. Се потрудивме да ја подобриме наставата максимално колку што можеме и ќе продолжиме во таа насока. И понатаму ќе поставуваме фотоволтаици на училиштата за да заштедиме електрична енергија. На тој начин, заштедената ефтина струја ќе можете да ја продавате, а средствата да ги вложувате во подобрување на образовните услови. Во наредниот период би сакал да разговарам со вас во насока на обезбедување на подобри услови за децата со попреченост, кои учат во нашите училишта. Во насока на осовременување на едукативниот процес, ние секогаш ќе ги поддржуваме учениците и наставниците и ќе создаваме подобри услови за вашето функционирање – додаде Јакимовски.**

**Во знак на почит, првиот човек на Општината додели благодарници на 38 наставници и стручни соработници, за нивниот особен придонес во воспитно – образовната работа во училиштата и афирмација на општина Карпош.**

